**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 мај 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,36 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Аргон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Андреј Жерновски,Љубчо Горгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Игор Иваноски, Илинка Митрева, Никола Поповски, Радмила Шекеринска, Елмазе Селмани, Марјан Додовски, Благој Зашов, Данаил Дончев и Оливер Шамбевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации.

Записниците од 35-та, 37та, 38-та и 39-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека Записниците од 35-та, 37та, 38-та и 39-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Предлогот на законот за рамномерен регионален развој кој беше четврта точка од Предлогот на дневниот ред од Решението за свикување на оваа седница е разгледан на 43-та седница на Собранието.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Има збор претставникот на Владата.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници.

Законот се предлага да биде по скратена постапка затоа што овој закон е обврска спрема Европската комисија и се работи за директиви кои што се неопходни и треба да ги дадеме со одреден рок. Цениме дека има потреба да ги расправаме на Собранието.

Мислам дека потребата се однесува на усвојување на неколку директиви кои се од значење за Република Македонија за приближување кон европското законодавсто.

Вие знаете дека овој закон го разгледувавме еднаш во однос на фискализацијата, меѓутоа се јави отреба и за приближување кон европското законодавство, што значи дека потребата е за приближување кон европското законодавство.

Подетални информации и образложенија ќе дадеме кога ќе дојде точката на дневен ред. Значи, имаме обврска кон европската комисија со одредени рокови кои што се неопходни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници. За гласале 49, воздржано 1 и против 3.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и пристапување кон Централно - европскиот Договор за слободна трговија, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемна заштита и поттикнување на инвестициите, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за банките, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за вработување и работа на странци, со Предлог на закон;

9. Предлог на закон за спречување судир на интереси;

10. Предлог на закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водостопанствата, со Предлог на закон;

12. Предлог на Национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии;

13. Информација за штетите и постапката околу надоместокот на штетите од елементарна непогода - град што го зафати Струмичкиот регион на 23.06.2006 година;

14. Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за периодот од 1 јануари до 31 декември 2006 година.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Збор има господин Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе.

Бидејќи лично ценам дека точката 5 Предлог за донесување на закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, со Предлог на закон и точката 7 Предлог за донесување на закон за банките, со Предлог на закон се особено значајни, сега да не влегувам во материјална расправа да објаснувам зошто ценам дека е тоа така, мислам дека е сепак коректно и мој пред е да ги исфрлиме од дневен ред на оваа седница и да закажеме комисиска расправа по овие точки, бидејќи навистина се сериозни закони кои директно имплицираат понатаму влијание во економската ситуација во државата бидејќи директно навлегувате и во монетарната и во економската сфера. Мислам дека е неопходно Комисијата за финансирање и буџет прво да ги разгледа, па потоа да ги ставиме на дневен ред. Тоа е мојот предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Имате ли поддршка од 10 пратеника.

**Зоран Витанов:** Барам поддршка од 10 пратеници.

(Некои пратеници креваат рака)

**Љубиша Георгиевски:** Има поддршка.

Предлогот на господинот Зоран Витанов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласале само 54 пратеници ги молам службите да достават уште еднаш точен број на присутни пратеници во салата за време на гласањето.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

За време на гласањето во салата имаше 72 пратеника, па според тоа гласањето е валидно.

Резултатите од гласањето се следните.

За гласале 24, воздржано 2 и против 28.

Според тоа предлогот не помина.

Дали има уште некои други предлози.

Господине Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Се извинувам претседателе што повторно земам збор, меѓутоа во овој случај би предложил точките наместо 5-та и 7-ма да ги ставиме претпоследна и последна да бидат на дневен ред, за да има време Комисијата да заседава и да ги разгледа.

**Љубиша Георгиевски:** Според мене и овој предлог е релевантен, според тоа го ставам на гласање.

Повелете кој е за вториот предлог.

(Никола Ќуркчиев реагира од место дека дневниот ред сеуште не е утврден).

Добро, предлогот е релевантен. Ако нема други за измена тогаш да го утврдиме предложениот дневен ред.

Целиот предлог на дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Се извинувам процедурално бара збор господинот Никола Ќуркчиев. Повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Претседателе предлагам денешниот дневен ред да го дополниме со една точка, нова, а тоа е точка 15 - Разгледување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации.

Имено, согласно членот 26 од Законот за електронски комуникации се вели дека Годишниот финансиски план на Агенцијата го усвојува Комисијата и го доставува до Собранието на Република Македонија на одобрување.

Ценам дека оваа точка е многу пооблигаторна од претходната на дневен ред и токму од тие причини предлагам да биде на дневен ред на денешната седница.

**Љубиша Георгиевски:** Дали имате поддршка од 10 пратеници, или нема потреба.

Предлогот на господин Ќуркчиев го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, од кои за гласале 14, воздржани нема и против 49 пратеници.

Процедурално бара збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Има страшно недоразбирање при составување на дневниот ред. Ние се обидовме да го поправиме кога колегата Ќуркчиев го даде предлогот, но по се изгледа таков е амбиентот во Собранието што кога било кој од пратеничката група на СДСМ даде предлог, без да се разгледа и да се размисли воопшто анблок се гласа против.

Ако добро ја  разгледате точка 14 од Предлогот на дневниот ред, таму пишува Извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации. Според Законот за електронски комуникации Собранието може, но и не мора да го разгледува Извештајот за работата на Агенцијата за електронски комуникации, но според Законот за електронски комуникации член 10 пишува дека Собранието мора да го разгледа Годишниот извештај, финансискиот извештај на Агенцијата за електронски комуникации.

Ние на комисија се расправавме и бидејќи соодносот на силите беше таков каков што беше не усвоивме дневен ред и не можевме ниту да го разгледуваме на матичната комисија, но Собранието ќе направи голема грешка доколку го прекрши законот. Во Законот е наведено дека треба да се разгледува Годишниот извештај, финансискиот извештај на Агенцијата за електронски комуникации.

Постојат две причини зошто пратениците не би гласале.

Прво, анблок ако предлогот дошол од пратеничката група на СДСМ, по автоматизам.

Второ, ако се има скриени намери финансискиот извештај да не биде поставен и покрај законската обврска Собранието да го разгледува.

Трето, што ни е да разгледуваме Извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации ако не го разгледуваме финансискиот извештај, за кој што сме должини да го разгледуваме.

Јас ве молам да размислиме сите заедно, да се направи координација бидејќи се прави прекршок на закон. Ако е во игра она кое што во јавноста се протежираше и мислење достави Владата и покрај тоа што нема право да разгледува Финансиски извешатај, дека не треба да се разгледува тогаш значи ...

(Некои од пратениците дофрлуваат од место)

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Тогаш претседателе да свикате координација да се провери законската обврска на Собранието дека нема да се разгледа финансискиот извештај и повторно, процедурално да се интервенира во дневниот ред кој сеуште не е усвоен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

15 минути пауза за координација.

(Пауза од 12,02 часот)

(Пауза од 12,02 до 13,05 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места, продолжуваме со работа.

(Минуваат минути на чекање).

Ги повикувам пратениците уште еднаш да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

(Минуваат минути на чекање).

Продолжуваме со седницата.

Пред да продолжиме со седницата, должен сум, ве молам за малку внимание, должен сум да ве известам за резултатите од координацијата.

Координацијата беше плодна, дојдовме до заклучок дека за да го решиме спорот ќе ни требаат уште три четири дена за до крај расветлување на ситуацијата која е нерегуларна и која не е својствена за нас, која е специфична, не по грешка на Парламентот и мораме да ја испитаме целата ситуација за да и од формално правен аспект, бидеме како што треба.

Благодарам на вниманието.

Продолжуваме со седницата.

Загубивме доста време, па да тераме колку можеме.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела ...

(Реакција од страна на пратениците затоа што не е усвоен дневниот ред)

Се извинувам, моја грешка е, имавме напорна координација, па ќе ме разберете, не е страшно.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема доволно пратеници).

Ги повикувам службите да дадат точен број на присуство на пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата има 63 пратеника, гласањето е валидно.

Значи, од присутни 63 гласале 55 пратеника, за гласале 53, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот 2...**

(Пратеникот Слободан Најдовски бара збор).

**Слободан Најдовски:** Дозволете ми, едната забелешка ми  е процедурална, но прво, со оглед на тоа што господинот Витанов не е тука, имаше предлог кој беше надвор од процедурата, сега е веќе време за поместување на точката: Предлог за донесување на закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити со Предлог на закон и Законот за банки да бидат претпоследна и последна точка, со оглед што Комисијата за финансирање и буџет ги нема разгледувано, а вие веќе воведовте

практика, тоа е добро, некои од членовите да можат да ги водат комисиите, да ја разгледаме, па тој предлог би го дал како официјален, бидејќи не го гледам господинот Витанов, а после тоа ве молам да ми дадете процедурална забелешка по однос на започнувањето на седницата и прекинатите седници.

Прво предлогот, доколку имам подршка од 10 пратеници, барам да бидат претпоследна и последна точка да ги разгледаме на Комисија бидејќи се од исклучителна важност овие два закони.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има 10 пратеници што го подржуваат предлогот? (има).

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема доволен број)

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници за време на гласањето.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Гласањето е валидно. При присуство на 64 пратеници гласале 55, 13 гласале за, 2 воздржано, против гласале 40 пратеника.

Според тоа констатирам дека предлогот не е усвоен.

Му давам збор на господинот Слободан Најдовски за процедурална интервенција, повелете.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, сакате процедурално или како сакате протолкувајте го ова.

Денес започнуваме нова седница. За петок имаме закажано уште една седница. Имаме прекинато неколку седници. Ме интересира од прекинатата 34 седница и уште една седница не го знам точниот број на седницата имаме две точки кои во јавноста предизвикуваат посебно внимание.

Тоа е прашањето за донесување на законот за соработка со Хашкиот трибунал за кој уште претходниот состав на Парламентот знаат дека тогашната опозиција односно ВМРО-ДПМНЕ не обвинуваше зошто тој закон не се носи и за тоа е одговорно тогашното парламентарното мнозинство.

Во јавноста неколку претставници на Владата укажаа дека тој закон стои во Собранието и тоа е одговорност на Собранието. Јас ви кажувам, мислам дека тој закон нема да предизвика многу расправа и дека ќе биде усвоен.

Ве прашувам вас зошто таа седница не ја продолжите и таа точка не ја ставите на дневен ред.

Второто е околу гласањето за членови на Судскиот совет.

Министерот за правда неколку пати во јавноста излегува и кажува дека Собранието го кочи формирањето односно дооформувањето на Судскиот совет. Денеска имаме во печатот дека Собранието ја кочи работата за избор на 30 судии заради тоа што не се формира Судскиот совет. Непостои никаква формално-правна пречка од Собранието тие точки да не ги ставите на дневен ред. Ако е проблемот политички за тоа сте одговорни вие и претседателот на најголемата партија во Собранието, тоа е ВМРО-ДПМНЕ односно премиерот. Тогаш ве молам да ја информирате јавноста дека заради политички проблем не го ставате, а не е проблем воопшто пратениците за донесување на тие две точки.

Јас ве убедувам, еве од моја страна и колегите од ЛДП нема да дискутираат многу и тие точки можат многу брзо да дојдат за гласање. Тогаш ве молам на нас пратениците и на јавноста да ни соопштите зошто тие седници не ги продолжувате и тие точки не ги поставите на дневен ред, односно партиите од опозицијата СДСМ, ЛДП не се пречка за тие две работи кои стојат во Собранието.

Прашањето е исклучиво за тие две точки и претседателот на Собранието и парламентарното мнозинство. Ве молам да не информирате зошто не ги продолжувате тие две седници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Како што знаете одговорноста за дневниот ред, како и за динамиката на тој дневен ред ви ја носам јас како претседател и тоа е мое право да определувам и се разбира дека најдалеку сум од помислата дека тоа ќе го правам толку коректно и безгрешно за да нема критика.

Јас ја примам вашата критика особено во првиот дел од вашето излагање, тоа сериозно ќе го земам, особено околу Хаг, а другите, општо е познато, секоја партија може да направи пет конференции за печат, но општо е познато дека неколку предмети односно неколку законски проекти или одлуки стојат, чекаат со месеци. Мислам дека е општо познато дека Собранието за тоа не е одговорно, одговорни се најобјективните политички околности, не би се согласил со вас одговорноста да ја наоѓаме и ја пласираме само на една страна, затоа што работите никогаш не се толку црно-бели, тоа е ваше право така да мислите, но исто и мое право да не го прифатам тој дел од вашата дискусија. Благодарам.

Тогаш ве молам да продолжиме конечно со ратификациите.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отоворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација за Протоколот 2 кон

Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција.

Ве повикува да гласаме.

(Нема доволен број)

Ги повикувам службите да доставаат точен број на пратеници присутни во салата за време на гласањето.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

За време на гласањето имаше доволен број пратеници.

Констатирам дека гласањето е валидно.

Севкупно гласале 60 пратеника и сите 60 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во присутност на 63 пратеника, за гласале 59, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман за менување на член 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, сите 63 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција.

**Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот Договор за слободна трговија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе бидам краток.

Со потпишувањето на Договорот за изменување и пристапување кон ЦЕФТА односно ЦЕФТА 2006 како модерен регионален договор во регионот на Југоисточна Европа кое се очекува да стапи во сила во првата половина од 2007 година се проширувам соработката со вклучување на повеќе нови области во регионалната соработка. Тоа е услугата, јавната набавка, инвестицијата, заштита на интелектуалната сопственост.

Исто така за Република Македонија имплементацијата на ЦЕФТА 2006 ќе значи подобрување на нејзиниот трговски биланс во однос на трговијата.

Значајно е да се спомне дека со потпишувањето и важноста на овој Договор се укинуваат извозните субвенции, така што за нас како Република Македонија е значајно во однос на земјоделско-прехрамбените производи. Исто така значајни се неколку аспекти за дијагонална комулација, тоа е кумулација на потекло, проширена кумулација на потекло во која влегуваат и земјите од ЕФТА, како што Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лехтенштајн и сега кумулацијата на потекло што значи дијагонална комулација на Македонија со Европската заедница.

Ние како Македонија сме претседавачи оваа година на ЦЕФТА и добро е ако предлогот, предлогот е да помине овој Договор на Собранието и да кажеме дека е поминат. Тоа значи дека семе петта земја која го верификувала овој Договор. Таков е условот, со потпишување на петтата земја, значи за 30 дена да почне важењето на овој Договор.

Има и други поединости. Ако има некои прашања можеме да одговориме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Јас ќе гласам за ратификација на овој Договор. Тој е од исклучителна важност за Република Македонија. Но имам сега едно прашање, бидејки заменикот рече ако има прашања ќе одговори.

Постојано се јавува пробелмот за извоз на тутунски преработки односно на цигари од Македонија во Хрватска.

Иако, согласно договорот,не треба да има никакви пречки по однос на извозот на македонски цигари во Хрватска, но во пракса тоа претставува голем проблем, а од друга страна воопшто не е проблем увозот на цигари од Хрватска во Македонија.

Ме интересира, до колку можат претставниците на Владата да не информираат, дали е нешто разговарано на овој план и пречките кои дополнително се поставуваат за извоз на македонски цигари во Хрватска и дали можеме да очекуваме подобрување на состојбата на тој план. Колку што ја симам информација некаде околу 100 тони цигари од Хрватска се увезуваат во Република Македонија, а од Македонија во Хрватска, заради одредени други бариери, не можат да се продаваат цигари. Сега да не навлегуваме, познато ми е и кои се тие бариери

кои се поставуваат за потеклото на суровините при производството, но сега конкретно ме интересира дали на тој план нешто од Владата се превзема и кои ќе бидат чекорите за надминување на таа состојба.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор заменикот министер господинот Спанџов.

**Киро Спанџов:** Овој проблем е познат и ставен е на дневен ред во петок каде има состанок на ЦЕФТА, реков дека ние сме претседавачи, на ниво на заменици министри и државни секретари, таму каде што нема заменици од земјите доаѓаат државни секретари и е ставен како точка на разгледување каде ќе дадеме јасна нота за разрешување на пробелмот, најверојатно ќе го разрешиме и во билатерални разговори, меѓутоа на самиот состанок во петок ќе го разговараме ова, имаме веќе материјали, се работи за Тутунски комбинат од Скопје и другите комбинати, ние имаме добиено забелешки, знаеме во која насока треба да се движиме за надминување на пробелмот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот Договор за слободна трговија.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето е валидно.

Во салата има 62 пратеника.

Гласале 58 пратеници, сите 58 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето е валидно.

Гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман за менвуање на член 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето е валидно.

Гласале 57 пратеници, 56 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за изменување и пристапување кон Централно европскиот Договор за слободна трговија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемна заштита и поттикнување на инвестицциите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија и Дописот на Комисијата за надворешна политика, ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемна заштита и поттикнување на инвестициите.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето е валидно.

Гласале 44 пратеници, сите 44 гласале за.

Констатирам дека е Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето е валидно.

Гласале 52 пратеници, за гласале 51, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето е валидно.

Гласале 52 пратеници, 51 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот кон Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемна заштита и поттикнување на инвестициите.

Предупреден сум да ви упатам уште една молба. Имено кога ги стискате копчињата стиснете ги поенергично затоа што не секогаш има контакт па се појавува дека гласале помалку и на секое гласање треба да се брои.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени однсоно поделени.

Отварам претрес по предлогот за донесување на законот.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџов:** Благодарам претседателе.

Со Предлогот за изменување на Законот за трговија се врши дополнување на Законот при што се проширува правната рамка за примена на мерки на трговската политика, со мерки за заштита на домашната индустрија од дампинг увоз.

Исто така, со измените на законот се врши усогласување на казнените одредби со новиот Закон за прекршоци.

Дополнувањето на законот со одредбите за антидампинг мерки и донесувањето на подзаконски акти со кои ќе се определи постапката и начинот на утврдување на антидампинг давачката, се врши поради потребата за усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, во оваа област.

Со дополнувањето на Законот се врши усогласување со регулативата на Советот 384 од 1996 година, за заштит аод дампинг увоз од земјите кои не се членки на Европската заедница.

Исто така Република Македонија презеде обврска и со СТО да не може да применува заштитни мерки и антидампинг мерки без да има соодветна законска регулатива.

Со овој закон се врши усогласување на пооделни одредби, со забелешките дадени од Европската унија. Исто така се врши преформулација во самиот текст на законот на Комисијата за заштита во која се прошируваат нејзините надлежности и со овој закон ќе се регулираат начинот и постапката на дампинг контролите, кој има право да покрене постапка, како се покренува постапката и сите други нормативи кои треба да ги имаме во рамките на еден закон.

Секако дека итноста на овој закон беше од аспект што ќе бидеме оценувани од Европската комисија и ќе влезе во оценките на АКИТО и на Извештајот на Европската комисија. Тоа беше и причината зошто побаравме на оваа седница да се расправа.

Воглавно тоа се објаснувањата, а до колку има прашања подготвени сме да одговориме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, претставници на Владата.

Измена на Законот за трговија имавме пред 6 месеци и овде водевме една расправа и доста конфронтации од моја страна и од страна на претставниците на Владата. Имав и предложено одредени амандмани и укажував на една состојба со која ќе се соочиме после 6 месеци. Тогаш и претставниците на Владата, и дел од вас колеги пратеници се спротивставуваа на тие мои амандмани и ако добро ги прочитате стенографските белешки ќе видите дека и од претставникот на Владата и од еден колега овде пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, ми беше кажано дека не познавам доволно одредена состојба и дека зборувам нешто што не е точно. Тоа беше околу фискализацијата на пазарите.

Сега, после 6 месеци, прочитајте ги тие стенографски белешки и ако малку имате доблест и вие и претставниците на Владата и тој колега пратеник од ВМРО-ДПМНЕ кој така се обрати кон мене, во најмала рака ќе треба да се извинат, а ќе ви кажам за што се работи.

Претставникот на Владата, господинот заменик министер ни даде воведно образложение околу законот, но ни го образложи само едниот дел од измените и дополнувањата на Законот. Другиот дел со кој ќе се соочат со проблемот за десетина-петнаесет дена, а веќе овие денови се соочуваат, воопшто не го споменува дека се менува во Законот.

Законот предложен од страна на Владата има два дела. Едниот дел е околу таканречените антидампинг одредби кои се предвидуваат со законот, а другиот дел е околу казнените одредби, околу фискализацијата на пазарите и дел од други казнени одредби кои се поврзани со овој закон.

Околу првиот дел на законот, јас потполно се согласувам со измените и тоа треба да го направиме, но тоа гокажав и на Комисија, а и сега ќе го повторам, да внимаваме,односно Владата и другите надлежни органи, преку таканреченото заштита на домашното производство, да не ја спречат и конкуренцијата која претставува еден од битните регулатори на пазарот. Јас се надевам дека тоа Владата нема да го направи, но сакам да укажам на евентуалната можност и притисоците кои одредени претпријатија од одредени стопански гранки ќе ги вршат во Владата и во

определени минситерства и органи, да неземе замав, ќе повторам, во спречување на конкуренцијата како еден од битните фактори на регулирање на односите на пазарот и во тој дел ја подржувам Владата.

Во вториот дел пред шест месеци донесовме закон, односно донесовте вие кој го изгласавте тој закон дека по шест месеци од изгласувањето на тој закон пазарите, односно организаторот на зелените пазари се должни да обезбедат фискален систем на опрема. Тогаш споревме околу тоа дека таква одредба е несреќна, таква одредба е недоречена, таква одредба не дефинира што и кој треба да преземе за фискализација на пазарите.

Бев убедуван и од страна на претставниците на Владата и од одредени пратеници дека обезбедувањето на фискалната опрема и фискализацијата на пазарите е само обезбедување на фискални апарати. И тогаш ви укажувам дека не може организаторот на пазарите по закон да биде задолжен за фискалните апарати. Дури и покажувавте некое писмо од Управата за јавни приходи дека двосмислено сепак тоа треба да биде должност на пазарите. Тоа несреќно решение во законот доведе до ситуација да е спротивно на Законот за готовинското плаќање. И сега сме во ситуација во која што сами ја закашкавте работата. И сега носите член 13 кој што е пак несреќен во овој закон, во кој што вели дека организаторот на пазарот ќе биде казнет доколку ги издава продажните места на лица кои не се регистрирани во соодветниот регистар, односно не се евидентирани согласно со закон и кои немаат обезбедено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, освен ако поинаку не е уредено со закон.

Со законот во кој што велите ако не е поинаку утврдено со Законот за готовинските плаќања е утврдено правното лице кое што треба да поседува фискален апарат и кој ќе биде обврзник за издавање на фискалната сметка.

Во овој Закон за трговија, тоа е тоа несреќно решение вие тоа го префрливте на организаторот на пазарот, на оној што ги издава тезгите и овој член, сега јас го поставувам прашањето кого ќе го казните ако немаат обезбедено фискален систем, затоа што според Законот за трговија тоа го имате одредено да биде организаторот на пазарот, а по Законот за готовинските плаќања обврзник е тој што ја зема тезгата, наједноставно да кажеме, значи тој што е регистриран. Се согласувам сега со вас кои што велите дека доколку склучи договор со нерегистриран субјект, тоа е во ред, но во Законот не е така дадено, кој што е во сила и затоа господине заменик министер би ви предложил за да може и членот 13 да биде спроведлив Законот за трговија да поднесете амандман со кој што прво ќе го измените тоа решение кое што го донесовме пред шест месеци. Јас не патам од тоа да се покаже дека моето кажување е исправно, но ве уверувам дека за да биде исправно решението и спроведливо, инаку во целост ја поддржувам политиката за плаќање на даноци во Република Македонија, да не се разбереме погрешно. Целосно поддржувам секој да си ги подмирува даночните обврски во државата, но тоа мора да биде во согласност со закон, онака како што е сега во сила Законот не може да се спроведува.

На крајот на краиштата ве прашувам кој ви дозволи до сега, на оваа Влада, на Управата за јавни приходи да не го спроведуваат Законот за готовински плаќања во тој дел бидејќи тој Закон е во сила. Кој дозволи во оваа држава, во овие шест-седум месеци со едно несреќно решение да се пролонгирафискализацијата.

Би завршил со тоа дека првиот дел на законот е во ред, кој што се однесува на решенијата за антидампинг, но вториот дел е неспроведлив, или пак ќе го спроведувате спротивно на Законот.

Вие знаете, сигурно и кај вас беа и кај одреден број на пратеници беа, разговараа директорите на пазарите во Република Македонија, има реакции и од Стопанската комора на Република Македонија дека тоа треба да се регулира законски. Никој нема да ја оспори државата односно Владата во настојувањата да си ги наплати давачките кон државата. Тука ве поддржувам, да не ја пренасочиме дискусијата на друго место, но вака како што е дадено решението во Законот за трговија кој што го донесовме пред шест месеци, сега затоа ви е несреќно решението во член 13, не е добро и од тој аспект не го поддржувам. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За реплика се јави заменик министерот за економија.

**Киро Спанџев:** Благодарам.

Само на констатацијата од почитуваниот пратеник Најдовски, загриженоста е очигледна и наша е загриженоста за фискализација на пазарите и затоа Владата покрена постапка за надминување на тие проблеми на пазарите, посебно за фискализацијата.

Воедно се согласуваме дека треба тоа да се надмине и да се реши и државата треба да има приходи од фискализацијата.

Владата има решение, во скоро време ќе излезе со решение со овие напомени што ги даде господинот Најдовски. Ние одржавме неколку трибини и состаноци со организаторите на пазарите и со корисниците на пазарите, имаме сознание каква е состојбата и во скоро време ќе излеземе со предлози од Владата за надминување на овој проблем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

За реплика се јави господинот Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господин заменик министер, не е прашање дали Владата има решение, дали Владата работи на тој случај. Прашањето е на недобрите законски решенија. И во законот кој што го менувавме пред шест месеци и кој што сега го имаме за измени. Зошто

во рок од шест месеци два пати менуваме закон по исто прашање кога гледате дека во пракса создава проблеми. Неможе вие со меѓурешение, Владата или било кое министерство со меѓурешение тоа да го регулира. Ако работите сега спротивно на законот, ако донесете решение во Владата кое што ќе биде спротивно на законот тогаш вие го кршите законот. Јас упорно сакам да ви укажам на едно нешто, и тогаш сакав да ви укажам дека обврзник за фискализација може да биде само субјектот што е регистриран за тоа. Упорно тоа сакав да ви докажам како се издаваат фискалните каси. Тоа е со закон регулирано. Велам, воопшто не е проблем, не патам од тоа, ќе ви повторам, дека јас сум бил во право, туку да донесеме законско решение кое ќе биде спроведливо. Вие донесовте законско решение со кое што го прекршивте постојниот закон за готовински плаќања, сакајќи да го избегнете проблемот со кој ќе се соочите и сакајќи да избегнете од решението што го имаа оние во Програмата “100 чекори”, кои што рекоа дека во рок од три месеци сивата економија ќе ја регулираат. Веќе ближи година дена за тоа.

Јас ги поддржувам исклучиво почитувања на закон, плаќања на даноци, борба против сивата економија но со адекватни законски решенија. Ова законско решение, од пракса верувајте ми ви кажувам, ако не повеќе 4 години сум бил директор на пазар, знам кој е тој проблем. Зошто не сакате, имате време со еден амандман да предложите прво измена на измените на законот кој што го имавме пред шест месеци, па адекватно на тоа да го усогласите овој член 13. Двете законски решенија мислам дека ви се несреќно формулирани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** На денешната седница се наоѓа на дневен ред Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија. Денес е 16 мај 2007 година, на седницата на 29 ноември 2006 година, значи само пред шест месеци имавме потполно иста точка на дневен ред - Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Ни се случува нешто чудно во работењето и во предлагањето на законите на оваа Влада. Предлагаат закони по итна постапка, по скратени рокови, се донесуваат законите за да само по шест месеци да се дојде до заклучок дека не бил добар тој закон, дека требало уште нешто да се допредложи и повторно измени и дополнувања на истиот закон. Деновиве сме бомбардирани како пратеници со предлози за донесување на закони за изменување и дополнување на 40-тина закони повторно со знаменцето на Европската унија.

Мислам и убедена сум дека голем дел од тие закони кои ќе бидат усвоени овде по ветувањето на премиерот дека до 31.07. ќе сме ги донеле сите закони за хармонизација на нашите закони со законите на Европската унија, што не сме успеала, а требало да ги донесеме до 31.12., сигурна сум дека тие се напишани набрзина. Со оглед на фактот дека пратениците немаме доволно време законите да ги обработиме, да се консултираме со стручњаци и квалитетни амандмани да напишеме, сигурна сум дека тоа ќе бидат закони кои нема да се во правец на хармонизација со законите на Европската унија. Тоа ќе бидт закни кои поле шест месеци повторно ќе треба овде да ги разгледуваме, дополнуваме и повторно донесуваме.

Дали хаотичната состојба во која се наоѓа нашата Влада после тоа ветување на премиерот ќе се одрази и кај нас во Собранието да како законодавен дом донесуваме такви закони.

Господин претседателе, апелирам до вас брзањето за најавување на седници од карактер како онаа во петок со карактер во која на дневен ред има дваесетина нови закони за кои немаме време да ги разработиме и пстојаниот дотур на материјали со нови закони до пратениците го контролирате за да не заврши како денешниотs закон, како законот кој е точка на дневен ред на денешната седница и за која моментално јас дискутирам, а кој еднаш го изменувавме и дополну8вавме на 29.11.2006 година. Сеуште не влегол во снага, одлуките од тој закон од 29.11., а ние денес повторно дискутираме за истиот закон за трговија. Да не бидеме смешни пред гараѓаните и пред избирачите, да не бидеме брзоплети. Сепак сносиме голема одговорност и дигнитетот на пратеникот е нешто многу големо.

А сега за точката за која се јавив околу денешните измени и дополнувања на Законот за трговија.

За десетина дена зелените пазари треба да се фиоскализираат согласно претходниот закон, измени и дополнувања на Законот за трговија. Веќе почнаа штрајковите за отворање на зелените пазари. Впрочем, во коализија е тоа законско решение односно фискализацијата на зелените пазари и Законот за регистрирање на готовински плаќања. Очекував дека соглансо дискусиите на Комисијата за економија дека од Владата и од Министерството за економија ќе имаме на денешната седница амандман бидејќи тие објаснуваат дека ја разбираат таа коализија со која ќе биде тоа отстрането. Меѓутоа, за жал точката е на дневен ред а такво нешто не се случи. Вчера бил затворен зелениот пазар во Куманово. Утре ќе бидат затворени останатите зелени пазари не заради фискализацијата нивна, заради тоа што ред во државата, фискализација на сите субјекти поддржуваме, меѓутоа законски решенија кои се козат еден со друг само отвараат поле за такви штрајкови и за такви реакции.

Борбата со сивата економија во Програмата 100 чекори ветија дека за три месеци ќе била победена сивата економија. Што се случи со пластичарската улица. На кој начин се фискализира пластичарската улица господин заменик министер. Сите сме сведоци на кажувањата во јавните гласила дека еден ден инспекторите од Управата за јавни приходи ги

затворија дуќаните на пластичарската улица и толку. Ги затворија, утре дента сите дуќани беа отворени, таму повторно се работи турбо, таму повторно не се издаваат фискални сметки. За кого важат овие закни, само за едниот дел од државата, која сива економија ние ќе уредуваме.

Слично како и на состанокот на Комисијата за економија бараме Владата и Министерството за економија да го повлече овој закон, да го доработи за да не би имале наредните шест месеци или наредните три месеци повторно точка на дневен фред измени и дополнувања на Законот за трговија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Сега давам пауза до 15,00 часот за ручек, а потоа ќе продолжиме со седницата, директно со ова гласање.

(Пауза од 14,05 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите повторно да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата).

Ги молам службите да утврдиме точен број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ги молам пратениците да влезат во салата, да ги заземат своите места.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Колеги пратеници, бидејќи претресот е затворен, на Собранието му предлагам заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема доволен број)

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во моментот на гласање во салата немаше доволен број пратеници, гласањето е невалидно.

Бидејќи деловничката можност. . . (Реакција од страна на пратениците). Имаше само 58 пратеника во моментот на гласање во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, гласањето не е валидно, го поништувам, повторно ќе пристапиме кон гласање.

Три минути процедурално за пратеникот господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседателе, благодарам.

Мислам дека неколку дена Парламентот е практично блокиран, не функционира. Не функционира поради тоа што голем дел од пратениците и од позицијата, но уште поголем број од опозицијата не се присутни на седниците и на овој начин сите процеси кои се битни за побрзо доближување до стандардите на ЕУ, но и за доближување до стандардите што ги бара НАТО, дека ние нема да ги исполниме и целокупната одговорност ќе падне на пратениците.

Јас предлагам оние пратеници кои долго време осуствуваа или повеќе пати отсуствуваат јавно да ги објавиме, да знаат граѓаните дека повеќе никогаш да не гласаат за тие пратеници кои не ги застапуваат интересите на државата и на граѓаните. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

(Многу пратеници од опозицијата бараат процедурално.)

Три минути процедурално за госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, бидејќи се работи за многу важен закон од европската агенда за кој и парламентарното мнозинство и опозицијата се согласивме дека буквално овие закони ќе ги носиме на брза рака, а во моментот очигледно дека и од едната и од другата страна недостасуваат пратеници, барам половина час пауза за да може да се собереме сите и да продолжиме нормално да функционираме како Парламент.

**Иван Анастасовски:** Тоа е ваше деловничко право.

Јас ќе дадам половина час пауза, но претпоставувам дека паузата ја барате да се обезбеди кворум за гласање.

**Силвана Бонева:** И за координација меѓу пратеничките групи.

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам координаторите на координација во Охридска сала за да се договориме дали може да обезбедиме кворум.

Половина час пауза.

(Реакција од страна на пратениците кои бараа процедурално)

(Паузата е дадена во 16,08 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,44 часот).

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, ќе продолжиме со работа.

Почитувани колеги, додека се собереме, бидејќи на екранот се пријавени двајца колеги, претпоставувам за процедурални забелешки, право му давам процедурално на пратеникот Борис Кондарко, повелете вашите три минути.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Со се сета почит кон вас, меѓутоа, првиот дел од процедуралната забелешка е упатен токму кон вас. Пред да биде одобрена побараната пауза од ВМРО ДПМНЕ поради недостаток на пратеници од власта за обезбедување на кворум требаше да ми дадете и мене процедурална забелешка како на колегите Трајанов и колешката Бонева.

Вака, после паузата, се губи смислата и текот на седницата. Меѓутоа, јас ќе ја кажам и сега мојата забелешка.

Со сета почит кон колегите Трајанов и Силвана Бонева кои се едни од најредовните пратеници од власта, сепак мислам дека треба да си го повлечат зборот во однос на искажаните критики за опозицијата за необезбедување на кворумот.

Имено, неприфатливо е и недозволено е власта да прави урамниловка за одговорноста за обезбедување на кворум за работа на Собранието. Опозицијата е секогаш тука и денеска дури и со нас заедно повторно владеачката гарнитура не може да обезбеди кворум.

Затоа апелирам, ако сакаат да прават урамниловка, тогаш ќе им го кажам следното: да не го омаловажуваат Собранието и самите себе си. Ако сакаат да работи Собранието, тоа никој не им го брани, затоа се владеачко мнозинство. Тоа е по дефиниција. Меѓутоа, сакајќи да ја прикажат Владата како поуспешна, демек Владата многу работи да и го кренат рејтингот се омаловажуваат самите себе и ова Собрание.

Значи, кворумот важи за Владата и не прифатливо е и не може опозицијата да го трпи срамот и одговорноста за работата на Собранието односно затоа што власта не може да обезбеди кворум.

Уште еднаш повторувам, секогаш пратениците на опозицијата се тука, многу сме поредовни за разлика, со чесни исклучоци, и од пратениците на власта кои постојано едни исти не се тука, а едни исти се тука, меѓутоа, тој проблем нека си го решаваат во нивната партија кај Никола Груевски.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Колега, вториот дел од вашата процедурална забелешка не ја прифаќам, бидејќи не беше некоја процедурална забелешка.

Првиот дел кој беше упатен до мене апсолутно го прифаќам како процедурална забелешка, но јас морав, имам деловничка обврска, штом координатор или заменик координатор ќе побара пауза, тоа да го направам. Јас го направив, а еве вашите три минути за процедурално сепак дојдоа. Ви благодарам.

Има збор господинот Есад Рахиќ, три минути процедурално, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на извршната власт.

Чисто како една кратка сугестија, добронамерна, затоа што верувам дека сите тука доаѓаме во интерес на граѓаните на Република Македонија и така треба да се однесуваме.

Сметам дека многу лошо се менаџираат одредени работи во Собранието и вие како еден од потпретседателите и претседателот. . . (галама во салата)

**Иван Анастасовски:** Колеги ве молам да се сослушаме.

**Есад Рахиќ:** . . .да направите еден конкретен договор, прво, денеска имавме комисии каде во исто време на две различни места требаше да биде претставникот на Министерство за внатрешни работи, што е физички невозможно. Значи, да се организира и менаџира работењето на комисиите на Собранието.

Втора работа, би предложил до вас, дел од тоа што го договаравме да најдете модус, ако треба месец јуни да го прогласите за “месец за носење на закони кои се битни за ЕУ”. Заедно со сите координатори да се договорите во тој дел да работиме коректно, меѓутоа, со уште една напомена, проблемот е што добар дел од пратениците што се на власт, без намера да ги критикувам, јас знам дека е тоа во интерес на државата, веројатно заради протоколарни обврски патувања во странство не можат да бидат присутни. За ваше информирање и ние имавме таква состојба со тоа што кај нас имаше посебен режим за вакви закони дури имаше забрана за патувања.

Затоа, за да не се третираме кој е повеќе виновен, предлагам тој дел малку подобро да го менаџирате и сметам дека тогаш пратениците и од позоцијата и од опозицијата ќе бидат поредовни и ќе имаме кворум за работа. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам колега, впрочем само да ви одговорам, а и на координацијата што ја имавме пред малку, всушност се договоривме ова што вие го сугерирате. Дури се договоривме, имаше одредени заклучоци на Комисијата за Европски прашања токму ова што вие го зборувате не месец каде ќе се носат закони со знакот на ЕУ, туку посебни седници каде ќе се разговара само за тие закони. Токму тоа го разговаравме колега на координацијата и се договоривме.

Вие господине Павле Трајанов процедурално или? Се повлекувате.

Во тој случај повторно ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата, бидејќи постигнавме договор на координација да

продолжиме со работа по однос на гласањето на законот за трговија.

Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Службите да дадат точен број на пратеници кои се присутни во моментот во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволен број)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласањето.

(Минуваат минути на чекање)

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги,

Во моментот, во салата има доволен број на пратеници.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 57, за гласале 52 пратеници, 2 воздржани, 3 гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 52 пратеници, 8 воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисијата поднесе амандмани на член 9 став 6, член 10 став 2 и на член 13 за додавање нова точка 1 во ставот 1, на точката 1 која станува точка 2 и на ставовите 4, 6 и 7 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Ацо Киров поднесоа амандман на член 6 во новиот член 45 за менување на став 1 и на став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 во новиот член 45 за менување на став 1 и на став 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџов:** Амандманот не се прифаќа од следните причини.

Во предложената формулација се испуштени зборовите “физичко лице”, а во Директивата постои конзулата “физичко лице”.

Ние отидовме на општа клаузула во овој дел, во членот 45-Б, затоа што со подзаконски акт ќе се уреди оваа материја што се предлага во амандманот.

Втората причина е тоа што во целиот текст на постоечкиот закон постои едно усогласување. Има и други мерки во однос на регулативата. Тоа се заштитни мерки за зголемување на увозот и заштитни мерки за субвенциониран увоз. Тие се регулирани со два подзаконски акти. Значи за да се запази оваа динамика и овој ред во законот, па тоа што го предлагаат ќе биде регулирано во подзаконски акти. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 9, воздржани 4, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 6, поднесен од Законодавно-правната комисија

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нова точка 1 во ставот 1 на точката 1 која станува точка 2 и на ставовите 4, 6 и 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

Станува збор за технички корекции.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 60, за гласале 47, воздржани 9, против 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.

**Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Дозволете на кратко да го образложам овој Предлог за донесување закон со Предлог на закон за заштита на потрошувачите, корисници на потрошувачки кредити кој за прв пат интегрално регулира една материја во Република Македонија.

Уште на почетокот сакам да истакнам дека со овој закон се реализира уште една обврска од акцискиот план за европско партнерство на Република Македонија односно домашното законодавство во сферата на правото на потрошувачите се хармонизира со законодавството на земјите членки на Европската унија, или конкретно, ако сакате, се имплементира директивата 87-102 ЕЕЗ, која е изменета и дополнета со директивите 90-88 ЕЕЗ и 98-7-ЕЦ.

Во моментот во Република Македонија, како што истакнав не постои регулатива со која интегрално и детално, како што е случај во земјите на Европската унија, се штитат правата и интересите на корисници на потрошувачки кредити.

Прашањата што ги третираат спомнатите директиви, кај нас делумно се регулирани во Законот за облигациски односи и во Законот за заштита на потрошувачите, но само во делот на рекламирањето, нечесните договори и слично.

Почитувани господа пратеници,

Факт е дека во Република Македонија последните неколку години, кредитирањето на населението зема се поголем замав, како во обем така и во формата на кредитите и е неопходно државата да обезбеди минимум на стандарди што ќе го заштитат корисникот на кредитот. Од тие причини се подготви Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, чија основна цел е да обезбеди поголема заштита на потрошувачите во следниве домени:

1. Овој закон пружи основа за обезбедување на поголема транспарентност и информираност при рекламирањето, нудењето и одобрувањето на потрошувачки кредити.

2. Се овозможува приближување и споредливост на условите за добивање на потрошувачки кредити.

3. Се врши изедначување на начинот на пресметка на годишната стапка на вкупни трошоци на потрошувачкиот кредит.

4. Се обезбедува надзор на давателите на потрошувачки кредити кои не се опфатени со постојната регулатива.

Треба посебно да се истакне дека со овој Предлог на закон се определува минимум на стандарди со кои се штитат интересите на потрошувачите. Овој закон не претставува ограничување на конкуренцијата меѓу давателите на кредити.

Во услови на зголема кредитна активност во Република Македонија и особено во услови кога домашните даватели на потрошувачки кредит ќе се најдат на единствениот европски пазар, од стандардите воспоставени со овој закон, позитивни ефекти ќе имаат не само потрошувачките, корисници на кредити, туку и давателите на потрошувачки кредити, без оглед на тоа да ли се работи за финансиски институции, производители на стока или трговци.

Со овој закон, како потрошувачи се третираат само физичките лица односно субјектите кои се сметаат за недоволно информирани, додека пак даватели на кредити се банки и другите трговски друштва и трговци поединци кои во рамките на својата регистрирана дејност вршат редовна активност, одобрување на кредит и на физички лица.

Како потрошувачки кредит за потребите на заштитата на потрошувачите се третираат сите форми на кредитирање, без разлика дали кредитирањето тоа е во пари или во стока. Од оваа одредница за потрошувачки кредит се исклучени само одредени договори за кредити или видови на трансакции, како што се кредити од мал обем под 200 евра во денарска противвредност, значи тие се исклучени од регулативата на овој закон, и на краток рок, помал од три месеци, кај кои примената на овој закон може да предизвика непотребно администрирање за двете договорни страни. Потоа, од овој закон се исклучени големите кредити од над 20 илјади евра, во денарска противвредност, кои се разликуваат од вообичаените кредити што ги користат физичките лица, потоа договорите за кредит, тоест заем кај кои не се пресметува и наплатува камата, како и договорите за кредит кои се резултат на судски или административни одлуки.

Почитувани дами и господа, заради спецификата на договорите за дозволено пречекорување на тековна сметка, со овој закон се предвидени посебни одредби за договорите за дозволено пречекорување, затоа што и тоа е една форма на кредит.

Можеби најзначајна новина е дефинирањето на вкупните трошоци на кредитот и годишната стапка на вкупни трошоци.

Во вкупни трошоци на кредитот, согласно одредбите од овој закон, влегуваат каматата, провизиите и други надоместоци што ги плаќа потрошувачот. Со исклучок на одредени трошоци

кои се таксативно наброени односно трошоците кои не се директно поврзани со кредитот, како што се трошоци за неисполнување на обврски, трансфер на средства, даноци, нотарски трошоци и слично.

Врз основа на вака дефинираните вкупни трошоци на кредитот се пресметува годишната стапка на вкупни трошоци која има за цел, при одобрувањето на кредитот, потрошувачот да биде информиран за тоа што тој реално ќе треба да плати за износот на земениот кредит и истовремено на потрошувачите да им се овозможи лесна споредба на трошоците за кредитите што ги нудат и одобруваат давателите на кредит.

Пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци се врши по математичка формула и зависно од условите под кои се одобрува кредитот, може да се јават повеќе варијанти за нејзина пресметка.

Од тие причини, а со цел текстот на Предлог законот да не се оптоварува со формули и појаснувања за начините на пресметка, се предвидува методологијата за пресметка на годишната стапка на вкупни трошоци, да ја пропише Советот на Народна банка на Република Македонија.

Исто така, со овој закон се регулираат и кредитните посредници односно физичките и правни лица кои врз основа на овластување на кредитен посредник даден од страна на давателот на потрошувачки кредит, во име на давателот на потрошувачки кредит и за надомест, посредуваат помеѓу давателот на потрошувачки кредит и потрошувачот.

Идентификувањето и регулирањето на лицата кои вршат посредување помеѓу давателите на потрошувачки кредит и потрошувачите е битна алка во заштитата на потрошувачите при користењето на овој вид на услуга.

Надзор над спроведувањето на законот од страна на давателите на потрошувачки кредит над кои супервизија и надзор спроведува Народна банка на Република Македонија и кредитните посредници кои работат врз основа на дозвола издадена од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија. Значи тој надзор го врши Народна банка на Република Македонија, на начин и во постапка пропишана со подзаконски акт од страна на Советот на Народна банка на Република Македонија.

Надзор над давателите на потрошувачки кредити кои вршат финансиска активност запишана во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Македонија, врз основа на посебна дозвола од надлежен орган, врши органот кој ја има издадено посебната дозвола.

Почитувани дами и господа пратеници,

Со оглед на тоа што се работи за значајна материја која регулира една значајна област во заштитата на потрошувачите и обезбедувањето на фер конкуренција во давањето или обезбедувањето на потрошувачки кредити, ве повикувам да го усвоите овој Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредит.

Пред да преминеме на гласање, ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат.

Во салата имаме доволен број на пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Вкупно гласале 58, за гласале 52, воздржани 6, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59, за гласале 51, воздржани 8, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 5 став 1 точка 1, член 24 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 26 став 1, член 27 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 29 ставови 2 и 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот за законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 60, за гласале 54, воздржани 6, против нема.

Констатирам Собранието го донесе Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредит.

**Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Благодарам потпретседателе.

Се работи за измени и дополнувања на Законот за безбедност на производите. Имено, при изработката на подзаконските акти на овој закон, во член 32 се констатира дека е потребна интервенција во самиот закон затоа што со подзаконски акти, две директиви кои се битни и треба да се транспонираат, мора да се повикаме на законот. Тоа е директивата 9834-ЕЦ и директивата 9848-ЕЦ. Овие директиви укажуваат на тоа дека контактна точка за известување пред Европската комисија, за донесување на техничките и нехармонизирани прописи кај Министерството за економија, значи тоа мора во закон да биде. Втората директива е контактна точка за известување на Европаската комисија за донесување на стандардите и техничката спецификација и Институтот за стандардизација. Тие се две клучни работи за директивите кои ќе се преточат во подзаконски акти. Имаме и измена и дополнување во Законот, во однос на казнените одредби, што според амандманите што се донесени е усогласување на казнените одредби.

Предлагам да се прифати оваа измена и дополнување.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 60 пратеници и сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 56 пратеници, сите 56 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 8 кој се однесува на новиот став 7 за бришење на втората реченица, член 4 став 7 кој се однесува на новиот став 7, за бришење на втората реченица и начлен 5 во новиот член 43 без став 2, со кои со согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 62 пратеници од кои вкупно гласале 59 пратеници, сите 59 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите.

Овде ја прекинувам работата на седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,25 часот)